**Влада на Република Северна Македонија**
Бр.4401-17/2

# З А П И С Н И К
од Втората седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 3 септември 2020 година

Скопје, септември 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Второта седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 3 септември 2020 година**

Седницата започна во 13:25 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа м-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска Јанковска, министер за одбрана, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, м-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација и д-р Венко Филипче, министер за здравство, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Доделување мандатни писма од претседателот на Владата на Република Северна Македонија на членовите на Владата на Република Северна Македонија

2. Предлог - деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија

3. Информација за неопходност од склучување на нов Договор за деловна соработка на АД „Пошта на Северна Македонија" – Скопје, за вршење на финансиски услуги во име и за сметка на деловна банка

4. Информација во врска со одржувањето на редовното Генерално Собрание на Акционери на Претпријатието за Нафтовод СОЛУН – СКОПЈЕ - ВАРДАКС АД за 2020 година, закажано за 4 септември 2020

5. Кадровски прашања

6. Прашања и предлози

7. Записник од Првата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 3 септември 2020 година, со Записник од седницата на Групата за процена, одржана на 28.07.2020 година и Предлог - одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија

8. Информација за проблемите во примената на Колективниот договор за културата, во делот за плати за периодот јули - декември 2020 година

9. Информација за назначување на Надлежен координатор за акредитација во системот на децентрализирано управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА) за програмскиот период 2007-2013 од Европската Унија за Република Северна Македонија, со Предлог - решение

10. Предлог - одлука за именување на гувернер на Република Северна Македонија во групацијата Светска банка - Меѓународната банка за обнова и развој, Меѓународното здружение за развој, Меѓународната финансиска корпорација и Мултилатералната агенција за гарантирање на инвестициите

11. Предлог - одлука за именување на гувернер на Република Северна Македонија во Европската банка за обнова и развој

12. Предлог - одлука за именување на заменик гувернер на Република Северна Македонија во Европската банка за обнова и развој

13. Предлог - одлука за именување на заменик гувернер на Република Северна Македонија во групацијата Светска банка - Меѓународната банка за обнова и развој, Меѓународното здружение за развој, Меѓународната финансиска корпорација и Мултилатералната агенција за гарантирање на инвестициите

14. Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование

15. Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование

16. Информација за реализација на феријалната практика и практичната настава во средните стручни училишта во учебната 2020/2021 година

17. Информација за воспоставување на платформата за учење на далечина Moodle

18. Информација за повторно отворање на установите за згрижување и воспитание на деца - детски градинки/центри за ран детски развој за време на пандемија КОВИД 19

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, на членовите на Владата им ги врачи мандатните писма со утврдена мисија и задачи во нивниот четиригодишен мандат.

Воедно, им укажа дека имаат обврска да ги исполнат очекувањата на сите граѓани, а овие мандатни писма постојано ќе потсетуваат на што се обврзале, со што очекува дека во извршувањето на должностите и остварувањето на Програмата за работа на Владата во наредниот период ќе бидат вклучени максимално и со целосна професионална посветеност за ефективно извршување на сите задачи, а за следење на спроведување на работата ќе бидат ставени на располагање соодветни механизми.

Истовремено, укажа да се вложат максимални напори Република Северна Македонија да биде земја во која граѓаните сакаат да живеат и да придонесуваат за нејзино постојано унапредување.

Истакна да се одржува редовна и отворена комуникација со сите граѓани, медиуми и засегнати страни во општеството преку унапредување на каналите на комуникација, вклученост и учество почитувајќи го Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, со што информираше дека ќе ја унапреди структурата на Канцеларијата со цел да се обезбеди двонасочна комуникација со сите граѓани и заедници на кои им е потребна помош.

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, на членовите на Владата им посака успешна работа, продуктивна и позитивна работна атмосфера и максимална реализација на Програмата за работа на Владата.

<u>Точка 2</u>

Владата го донесе Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија (најнов текст), во предложениот текст.

<u>Точка 3</u>

Владата ја разгледа Информацијата за неопходност од склучување на нов договор за деловна соработка на АД „Пошта на Северна Македонија“ – Скопје, за вршење на финансиски услуги во име и за сметка на деловна банка, ја усвои и даде согласност на АД „Пошта на Северна Македонија“ – Скопје за отпочнување на постапка на преговори со цел склучување на нов договор за деловна соработка со деловна банка на територија на Република Северна Македонија, преку која ќе ги врши услугите на платниот промет.

<u>Точка 4</u>

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржувањето на редовното Генерално собрание на акционери на Претпријатието за нафтовод Солун – Скопје – Вардакс АД за 2020 година, закажано за 4 септември 2020 година и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со одржувањето на редовното Генерално собрание на акционери на Претпријатието за нафтовод Солун – Скопје – Вардакс АД за 2020 година, закажано за 4 септември 2020 година.

2. Се овластува управителот на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје да го застапува друштвото Нафтовод ДООЕЛ Скопје на Генералното собрание на

акционери на Вардакс, закажано за 4 септември 2020 година и по точките од Дневниот ред да се изјасни на следниот начин:

- По однос на првата точка од Дневен ред која се однесува на разгледување на управувањето за работењето во периодот 1.1.2019 - 31.12.2019 година и доставувањето на Извештајот на Одборот на директори, Владата на Република Северна Македонија го овластува управителот на Нафтовод ДООЕЛ Скопје да гласа „ВОЗДРЖАН“;

- По однос на втората точка од Дневниот ред која се однесува на финансиските состојби за работењето на Друштвото од 1.1.2019 до 31.12.2019 година согласно со Меѓународните сметководствени стандарди (М.С.С.), со поврзаните извештаи на ревизорите под заклетва и извештајот на Одборот на директори на Друштвото Претпријатие за нафтоводот Солун – Скопје – Вардакс АД Скопје да гласа „ВОЗДРЖАН“;

- По однос на третата точка од Дневниот ред Владата на Република Северна Македонија го овластува управителот на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје да гласа „ВОЗДРЖАН“;

- По однос на четвртата точка од Дневниот ред за одобрување на вкупното управување на Одборот на директори за работењето во 2019 година, согласно членот 108 од Законот 4548/2018 и ослободување на ревизорите, Владата на Република Северна Македонија го овластува управителот на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје да гласа „ВОЗДРЖАН“;

- По однос на петтата точка од Дневниот ред се овластува управителот на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје да гласа „ВОЗДРЖАН“ за избор на редовни и заменици ревизори под заклетва во 2019 година;

- По однос на шестата точка од Дневниот ред за одобрување на избор на членови на Одборот на директори како замена на членови кои поднесоа оставка се овластува управителот на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје да гласа „ВОЗДРЖАН“ и

- По однос на точката број седум избор на нов Одбор на директори, се овластува управителот на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје да гласа „ВОЗДРЖАН“.

<u>**Точка 5**</u>

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

<u>**Точка 6**</u>

**1.** Владата во врска со проблемот со исплата на додаток на степен на кариера и унапредување на административните службеници заклучи да ги потврди Заклучокот од 53 - та седница на Владата, одржана на 6 февруари 2018 година, Точка

76, по Информацијата во врска со стекнување на степен на кариера на државните службеници, Заклучокот од 58 - та седница на Владата, одржана на 13 март 2018 година, Точка 76 - Прашања и предлози и Заклучокот од 59 - та седница на Владата, одржана на 30 мај 2020 година, Точка 2 - Прашања и предлози, со цел Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство да одржат работна средба на која да подготват соодветен предлог за изнаоѓање трајно решение за надминување на овие прашање, кој да го достават до Владата.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за периодот од 19.8.2020 година до 26.8.2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за периодот од 26.8.2020 година до 1.9.2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**4.** Владата го разгледа Извештајот од направениот увид на училишта за кои се доставени барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство од Комисијата за разгледување на поднесени барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство, го усвои Извештајот, го прифати предлогот на Комисијата и даде согласност за организирање на наставата со физичко присуство на учениците во следните училишта:

-Меѓународни училишта НОВА - Скопје;
-ПСУ Американско училиште Македонија - Скопје и
-Приватно средно училиште Американска гимназија – Скопје,

имајќи предвид дека ги исполнуваат условите за организирање на настава со физичко присуство на учениците, како и сите други услови со кои се потврдува подготвеноста на училиштата за одржување на наставата со физичко присуство согласно протоколите за физичко присуство и Планот за одржување на наставата со физичко присуство.

**5.** Владата по повод укажувањето на д-р Фатмир Бесими, министер за финансии заклучи буџетските корисници да ги достават до Министерството за финансии недоставените буџетски барања, најдоцна до 9 септември 2020 година (среда).

**6.** Владата по повод укажувањето на д-р Фатмир Бесими, министер за финансии заклучи:

-да престане да важи Заклучокот под реден број 1 од Информацијата за намалување на непродуктивни расходи поради справување со здравствено – економската криза предизвикана од вирусот COVID-19 донесен на Продолжението на Триесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 април 2020 година (точка 59).“

Истовремено, Владата заклучи Министерството за локалната самоуправа на Република Северна Македонија за горенаведеното да ги информира сите општини во Република Северна Македонија.

**7.** Владата го разгледа Предлогот за измена на Решението за формирање на Комисија за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции, го прифати и притоа заклучи:

- Министерството за економија да подготви и до Владата да достави Решение за изменување на Решението за формирање на Комисија за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции, кое се смета за донесено да оваа седница.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за економија, во соработка со Кабинетот на Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да подготви и до Владата да достави предлог за докомплетирање на Комисијата за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции.

**<u>Точка 7</u>**

Владата го разгледа Записникот од Првата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 3 септември 2020 година, со Записник од седницата на Групата за процена, одржана на 28.7.2020 година и Предлог - одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Го усвои Записникот Првата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 3 септември 2020 година.

2. Ја утврди Предлог – одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија (со која се предлага на Собранието на Република Северна Македонија да одобри продолжување на рокот за постоење на кризна состојба до 5 март 2021 година) и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и д-р Венко Филипче, министер за здравство, а за повереник м-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи.

## Точка 8

Владата ја разгледа Информацијата за проблемите во примената на Колективниот договор за културата, во делот за плати за периодот јули-декември 2020 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за култура, во рамките на својот буџет за 2020 година да ги обезбеди потребните средства за плати во културата до септември 2020 година.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за финансии, во соработка со Министерството за култура да ја разгледаат можноста и да обезбедат дополнителни финансиски средства за исплата на плати на вработените лица во културата после септември 2020 година (со пренамени или ребаланс на Буџетот).

3. Се задолжува Министерството за култура да врши етапна исплата на платите на националните и локалните установи од областа на културата како што потребната документација за исплата на платите, усогласена со Колективниот договор за култура, ќе биде доставувана од установите до Министерството за култура.

4. Им се укажува на националните и локалните установи, веднаш до Министерството за култура да ги достават новите акти за организација и систематизација и новите договори/решенија, донесени согласно Колективниот договор за културата.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за назначување на Надлежен координатор за акредитација во системот на децентрализирано управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА) за програмскиот период 2007-2013 од Европската Унија за Република Северна Македонија, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за назначување на Надлежен координатор за акредитација во системот на децентрализирано управување со претпристапните фондови од Европската Унија за Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за именување на гувернер на Република Северна Македонија во групацијата Светска банка - Меѓународната банка за обнова и развој, Меѓународното здружение за развој, Меѓународната финансиска корпорација и Мултилатералната агенција за гарантирање на инвестициите, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за именување на гувернер на Република Северна Македонија во Европската банка за обнова и развој, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за именување на заменик гувернер на Република Северна Македонија во Европската банка за обнова и развој, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за именување на заменик гувернер на Република Северна Македонија во групацијата Светска банка - Меѓународната банка за обнова и развој, Меѓународното здружение за развој, Меѓународната финансиска корпорација и Мултилатералната агенција за гарантирање на инвестициите, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Во членот 4 од Предлог-законот, ставот (3) да се преработи во смисла, зборот „здравствените“ да се избрише, а по зборот „епидемиолошката“ да се додадат зборовите „и други состојби“.

2. Министерството за образование и наука да изврши редакциско усогласување на текстот на Предлог-законот со Секретаријатот за законодавство.

3. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование, по скратена постапка согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е определена Мила Царовска, министер за образование и наука, а за повереници Милка Масникоса, раководител на сектор во Министерството за образование и наука и Дана Бишоска, раководител на сектор во Министерството за образование и наука.

## Точка 15

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:
1. Во членот 3 од Предлог-законот, ставот (3) да се преработи во смисла, зборот „здравствените" да се избрише, а по зборот „епидемиолошката" да се додадат зборовите „и други состојби".

2. Министерството за образование и наука да изврши редакциско усогласување на текстот на Предлог-законот со Секретаријатот за законодавство.

3. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование, по скратена постапка согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е определена Мила Царовска, министер за образование и наука, а за повереници Милка Масникоса, раководител на сектор во Министерството за образование и наука и Елена Ивановска, раководител на сектор во Министерството за образование и наука.

## Точка 16

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на феријалната практика и практичната настава во средните стручни училишта во учебната 2020/2021 година, со протоколи, ја усвои и ги донесе следните заклучоци:

1. Ги усвои дополнителните исклучоци во наставата од далечина за феријалната практика и учење преку работа кај работодавач и практична настава во стручното образование да се одвива со физичко присуство на учениците и тоа:

- Феријалната практика и учењето преку работа кај работодавач за 2019/2020 година, да се реализира во текот на учебната 2020/2021 година, односно во

септември, октомври и ноември во зависност од реалните услови. Подготовките за реализација на феријалната практика да се извршат согласно Упатството за феријална практика, донесено од страна на Центарот за стручно образование и обука.

- Средните училишта во кои се реализира стручно образование и обука и практичната настава во учебната 2020/2021 година да ја реализираат со физичко присуство на учениците во училиштето во кабинети, училишни работилници, лаборатории и други посебни простории за оваа намена.

2. Го прифати Протоколот за постапување на средните училишта во кои се реализира стручно образование и обука во Република Северна Македонија за спроведување на практичната настава со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство и од Министерството за образование и наука, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

3. Го прифати Протоколот за превентивни мерки при реализација на учење преку работа, феријалната практика, практична обука и вежби на учениците кај работодавач од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство и од Министерството за образование и наука, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

4. Го прифати Протоколот за превентивни мерки при реализација на учење преку работа, феријалната практика, практична обука и вежби на учениците кај работодавач во секторот машинство од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство и од Министерството за образование и наука кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

5. Го прифати Протоколот за превентивни мерки при реализација на учење преку работа, феријална практика, практична обука и вежби на учениците кај работодавач во секторот земјоделство, рибарство и ветеринарство од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство и од Министерството за образование и наука, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

6. Го прифати Протоколот за превентивни мерки при реализација на учење преку работа, феријална практика, практична обука и вежби на учениците кај работодавач во секторот хемија и технологија од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство и од Министерството за образование и наука, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

7. Го прифати Протоколот за превентивни мерки при реализација на учење преку работа, феријална практика, практична обука и вежби на учениците кај работодавач во секторот лични услуги, од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство и од Министерството за образование и наука, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

8. Се задолжува Министерството за образование и наука да ги извести средните стручни училишта за реализацијата на феријалната практика и практичната настава во учебната 2020/2021 година и примената на протоколите дадени во прилог на Информацијата.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за воспоставување на платформата за учење на далечина Moodle, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за образование и наука да ја достави оваа информација до средните и основните училишта во државата.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за повторно отворање на установите за згрижување и воспитание на деца - детски градинки/центри за ран детски развој за време на пандемија КОВИД 19 (најнов текст), ја усвои и ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии во рок од три дена, по доставено барање, да издаде согласности за вработување на неопходниот дополнителен кадар во детските градинки/центри за ран детски развој на барање на Министерството за труд и социјална политика.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да го обезбеди евентуалниот недостаток на средства во блок дотацијата со прераспределба во рамки на сопствениот буџет, кој би се појавил до крајот на фискалната 2020 година.“

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:30 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев